РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА

ЗАКОН ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

на член 174 став 9 и член 176 став 3 од закон за високото образованието(сл. весник број 82/2018).

**Наслов:** член 174 став 9 и член 176 став 3 од Закон за високото образованието(Сл. весник број 82/2018).

Постапено по сопствена иницијатива на Државната комисија за спречување на корупцијата согласно врз основа на член 17 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Сл. весник на РМ“ број 12/2019).

**Област**: **Образование**

| **Генерална оценка** |
| --- |

## 1. Осврт :

Со Закон за високото образование (Сл. весник број 82/2018) се уредуваат автономијата на Универзитетот и академската слобода, условите и постапката за основање, статусни промени и престанок на високообразовните установи, нивната дејност, системот за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование, основите за организација, управување, развој и финансирање на високообразовната дејност, правата и обврските на студентите, признавањето на странските високообразовни квалификации и надзорот над работата на високообразовните установи.

## 2. Разгледани / консултирани дополнителни материјали:

- Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси
- Закон за работните односи
- Закон за вработените во јавниот сектор

Државната комисија за спречување на корупција согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Сл. весник на РМ“ број 12/2019), применувајќи ја Методологијата за Антикорупциска проверка на легислативата, а постапувајќи по сопствена иницијатива согласно со член 17 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го донесе следниот:

**Заклучок**

Државната комисија за спречување на корупцијата по извршената антикорупциска проверка односно анализа и оценка на член 174 став 9 и член 176 став 3 од Закон за високото образованието(Сл. весник број 82/2018), утврди постоење на корупциски ризици.

Имено, согласно Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата во која е содржана и листата на ризиците од корупцијата, а врз основа на која се спроведе и анализата и проверката на предметните одредби од споменатиот Закон, ДКСК утврди дека во конкретниот случај постојат ризици од корупција во недостаток на превентивни механизми.

**Образложение**

При целосната анализа и проверка на член 174 став 9 и член 176 став 3 од Закон за високото образованието(Сл. весник број 82/2018) се констатирани ризици од корупција, имено:

**Член 174 став 9.**

Со проверка на член 174 став 9, во однос на правото на лицето избрано во наставно-научно, или наставно звање, на кое му мирува работниот однос, да држи предавања и да биде ментор на втор и трет циклус на студии, како и да врши други активности од високообразовната дејност, може да се констатира дека иако одредбата е јасна и недвосмислена, во истата нема вградено заштитни механизми кои би превенирале ризици од корупција. Имено, во самата одредба отсуствуваат елементи кои би оневозможиле нејзина злоупотреба во смисла во кој временски период лицето избрано во наставно научно, наставно-стручно или наставно звање, а на кое работниот однос му мирува, може да ги извршува наведените активности од високообразовната дејност наведени во одредбата. Ова особено може да создаде ризик од корупција, во случај кога мирувањето на работниот однос е поради извршување, односно стапување на

функција која се извршува професионално и злоупотреба на даденото право да се спроведува во работно време при извршување на самата функција. Неодделувањето на работното време при извршување на функцијата од времето на остварување на правото за извршување на горенаведените високообразовни активности создава реална можност од злоупотреба на даденото право и реален ризик од корупција. Имено, реална е опасноста избрано или именувано лице во смисла на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, наместо на работно место, во период додека трае работното време, да се наоѓа на високообразовна институција и да го остварува даденото право за вршење на високообразовна дејност. Ваквиот ризик се детектира и кај ставот 8 од истиот член на Законот за високообразовна, каде е дадена иста можност при мирување на работниот однос лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање да може да врши високообразовна дејност на прв циклус на студии, иако истото е без финансиски надомест.

Исто така ставот 9 не определува дали држењето на предавања и менторство на втор и на трет циклус на студии, како и вршењето на други активности од високообразовната дејност за време на мирувањето на работниот однос е со или без финансиски надомест, што престанува реален ризик од волунтаризам во примената на одредбата.

**Член 176 став 3.**

Со проверката на член 176 став 3 кој гласи: „Времето за распишување на конкурсот од ставот 1 на овој член се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон. На барање на лицето, рокот не мора да се продолжи", се констатира дека истата остава простор за субјективизам при определувањето времето кога ќе биде распишан конкурсот, а со тоа и ризик од корупција. Ваквата одредба, од друга страна, укажува на врзување на одреден избор во повисоко наставно-научно, и наставно звање за одредена личност. Врзувањето на изборот во повисоко звање со одредена личност, како и можноста да се калкулира со моментот кога ќе биде објавен конкурсот, согласно одредбите од Законот за високото образование, претставува реална опасност лицето кој според закон е должен да го распише конкурсот, да биде подложно на корутивни дејствија преку искористување на своето овластување, да тргува со дадено овластување и сл.

## Заклучоци и препораки

Државната комисија за спречување на корупцијата по спроведената анализа и проверка на текстот на Законот за високото образование, со посебен фокус на одредбите од член 174 став 9 и член 176 став 3 и констатираните ризици од корупција донесе заклучок Министерството за образование и наука да ги прецизира посочените законски одредби во текстот на Законот, а со цел елиминирање на ризиците и тоа во насока на:

- Вградување на механизми за заштита од детектираната можност за злоупотреба на дадено право за извршување на високообразовна дејност во време на мирување на работниот однос, особено за лица кои имаат статус на избрано или именувано лице во смисла на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
- Вградување на елементи со кои би се превенирала можноста за субјективизам при распишување на конкурс за избор во повисоко звање, односно повторен избор во звање, особено на дадена можност за одлагање, односно продолжување на времето за распишување на конкурсот за времето поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон.